**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-6

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на АДВАЈС МАРКЕТИНГ ДОО Белград со седиште на ул. „Трешниног Цвета" бр. 11, стан бр. 12, Нов Белград, 11070 Белград, Република Србија, доставено преку полномошник Адвокатско друштво Константиновиќ и Милошевски од Скопје, на седницата одржана на ден 09.03.2026 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1.Се утврдува дека концентрацијата со која АДВАЈС МАРКЕТИНГ ДОО Белград со седиште на ул.„Трешниног Цвета" бр. 11, стан бр. 12, Нов Белград, 11070 Белград, Република Србија, стекнува 100% од акциите и единствената контрола врз Акросс Медиа Холдинг а.с., со седиште на ул. Зохова 3, 811 03 Братислава – Стар Град, Република Словачка, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија" бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 12.01.2026 година, дополнето на 14.01.2026, на 05.02.2026 и на 13.02.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на АДВАЈС МАРКЕТИНГ ДОО Белград со седиште на ул.„Трешниног Цвета" бр. 11, стан бр. 12, Нов Белград, 11070 Белград, Република Србија, со која АДВАЈС МАРКЕТИНГ ДОО Белград, ќе стекне 100% од акциите и единствената контрола врз Акросс Медиа Холдинг а.с., со седиште на ул. Зохова 3, 811 03 Братислава – Стар Град, Република Словачка.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истите го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**АДВАЈС МАРКЕТИНГ ДОО Белград** обезбедува стратешки, советодавни и оперативни услуги поврзани со маркетинг комуникации и развој на брендови и интегрирани маркетинг решенија, директно или преку компании во рамките на својата група.

Адвајс Маркетинг д.о.о. Белград нема зависни друштва, подружници, филијали или претставништва во Република Северна Македонија, ниту пак генерира промет или врши активности производи или услуги во Република Северна Македонија.

**АКРОСС МЕДИА ХОЛДИНГ а.с.** е акционерско друштво со седиште во Братислава, Република Словачка, кое работи како холдинг матична компанија на група друштва активни првенствено во областите на медиумски услуги, рекламирање и маркетинг комуникации.

Акросс Медиа Холдинг а.с. е активна првенствено во бластите на медиумски услуги, рекламирање и услуги за креативни агенции, и работи како регионална мрежа на медиумски и креативни агенции кои обезбедуваат интегрирани услуги за маркетинг комуникации, вклучувајќи планирање и купување медиуми, рекламирање, брендирање, креативен развој, дигитални комуникации, односи со јавноста и сродни консултантски услуги.

Преку своите компании од групата Акросс Медиа Холдинг а.с. обезбедува широк спектар на медиумски, рекламни и сродни услуги за корпоративни клиенти од различни индустрии, меѓу другото:

• рекламни и маркетинг услуги, вклучувајќи развој и имплементација на маркетинг стратегии и интегрирани маркетинг комуникации;

• медиумско планирање, купување медиуми и медиумски консултантски услуги;

• услуги за истражување и анализа на пазарот;

• посреднички активности во областа на трговијата, услугите и производството;

• обезбедување деловни, организациски и економски советодавни услуги;

• компјутерски услуги поврзани со обработка на податоци и информатичка поддршка;

• административни и услуги за поддршка на back office за компании од групата и надворешни клиенти.

Акросс Медиа Холдинг а.с. има три зависни друштва основани во Република Северна Македонија, кои се активни во обезбедувањето услуги за медиумски агенции, рекламни и услуги за креативни агенции, како и видео продукција и сродни медиумски услуги. Овие компании обезбедуваат услуги за клиенти кои работат во различни индустрии на македонскиот пазар, и тоа:

-Агенција за маркетинг комуникации и услуги МЕККЕН ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. 8-ми Септември бр.16 Скопје која нуди целосен спектар на услуги за маркетинг комуникации, вклучувајќи комуникациска стратегија и управување со комуникации, креативна стратегија и креативни решенија, услуги за брендирање, односи со јавноста, дигитални комуникации, промоции и настани, активности поврзани со спонзорства, како и други интегрирани услуги за маркетинг комуникации;

-Агенција за маркетинг комуникации и услуги АД+ВЕНТУРЕ ДООЕЛ Скопје со седиште на бул. Партизански одреди бр.26А-1/2 Скопје која обезбедува широк спектар на услуги за содржини и продукција кои поддржуваат креативни и рекламни активности, вклучувајќи видео продукција, подвижна графика и анимации (2D и 3D), визуелни ефекти (VFX) и 3D визуелизации и

-Друштво за маркетинг комуникации и услуги УНИВЕРЗАЛ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на бул. 8-ми Септември бр.16 Скопје кое е активно во областа на медиумски агенции, вклучувајќи медиумско планирање, купување медиуми и медиумско консултанство. Друштвото работи како креативна медиумска агенција фокусирана на комбинирање на увиди засновани на податоци и креативни пристапи со цел да се постигнат ефективни комуникациски резултати за своите клиенти.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**М-р. Малинка Силјановска Николиќ**